СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 1997 година

Скопје, декември 1997 година

## ОСУМДЕСЕТ И ТРЕТА (83) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 16.XII.1997 ГОДИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКТА, ГОСПОДИН КИРО ГЛИГГОВ, ЗА СВОИТЕ ОЦЕНКИ И ВИДУВАЊА ЗА НЕКОИ АКТУЕЛНИ ПРАШАЊА ОД НАДВОРЕШНАТА И ВНАТРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НЕЈЗИНАТА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ ВО ГОДИНАТА ШТО ИЗМИНУВА, КАКО И ЗА ПРИОРИТЕТНИТЕ ПРАВЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД.

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 1997 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници ја отворам Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Марковски, Алил Џаферовски, Туше Гошев, Драган Митевски и Тодосија Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на РМ, а го поздравувам и присуството на дипломатскиот кор во Република Македонија.

(аплауз)

Како што сте известени со поканата за денешната седница на Собранието е предвидено обраќање на претседателот на Републиката, г-дин Киро Глигоров на Собранието.

Го молам г-динот Киро Глигоров, претседател на Република Македонија да земе збор.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитуван г-дине претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, екселенции, дами и господа,

Согласно моите уставни овластувања и обврски, дозволете ми денес да ги изложам своите оценки и видувања за некои актуелни прашања од надворешната и внатрешната политика на Република Македонија, за нејзината меѓународна активност во годинава што изминува, како и за приоритетните правци на делување во наредниот период.

Како што веќе констатирав и во минатогодишното обраќање до Вас, Република Македонија е веќе етаблиран субјект на балканската, европската и глобалната геополитичка стварност и релевантен фактор на мирот и стабилноста во регионов.

Во текот на 1997 година, одржана е континуитет на жива надворешно-политичка активност. Особено во врска со приоритетните правци и задачи. Остваривме учество на повеќе самити и на бројни други значајни меѓународни собири со наше соодветно претставување и активно учество.

Неодамна, во консултациите со лидерите на политичките партии во Република Македонија кои го претставуваат грото на македонскиот електорат, беа консензуално поддржани основните надворшно-политички определби и приоритетни правци на нашата надворешно - политичка активност. Со тоа, фактички и за иднина се потврди оправданоста на курсот што го спроведуваме. Тој курс, впрочем тоа се покажува, наоѓа оправданост и потврда во генералните европски и регионални, балкански трендови и процеси.

Да потсетам во заедничката изјава на лидерите на политичките партии во нашава држава меѓу другото, се поддржува определбата за полноправно членство на нашава земја во Европската Унија,

како можност за остварување на економските, политичките, националните и безбедносните, а јас би рекол и цивилизациските интереси на државата; потоа, наполно е поддржана ориентацијата за полноправно членство во НАТО, постигнување компатибилност со НАТО и, како трето, заедничката определба за динамично унапредување на односите со соседите и решавање на отворените прашања по пат на дијалог.

Важноста на оваа средба и дострелот на заедничката изјава се значајни и повеќе насочни: испратена е со таа јасна порака за демократскиот карактер и основаноста на нашите приоритетни надворешни политички определби за стратешките цели на нашата земја и дека тие определби се од витален интерес на сите и дека околу нив е можно мобилизирање на внатрешните сили во напорите и процесот на остварување на тие стратегиски цели.

Актуелните меѓународни околности- глобални, европски и балкански - погодуваат за остварување на ваквите наши стратегиски цели. Тие околности се многу поповолни од оние од пред неколку години, ако се потсетиме тогаш кога го постигнавме осамостојувањето на Република Македонија. Во светски рамки се посилен замав зема процесот на глобализација, а во континтални и во регионални рамки тоа е сеопштиот процес на интеграција кој постепено еволутивно оди напред, практично на сите континенти. Нашите надворешно-политички активности се сообразени со тие и такви објективни околности. Со тоа се повеќе се стабилизира нашата општа меѓународна позиција, како и конкретната политичко-безбедносна положба на нашата земја. Нашата позиција и активното место во овие процеси јасно го манифестиравме на говорниците на Обединетите Нации ОБСЕ, Советот на Европа како и на регионален и билатерален план. Во тоа остваривме соработка со сите оние кои се залагаат за изградба на новиот демократски, политички и економски поредок во светот и за изградба на Европа како заеднички дом на сите во XXI век.

Дами и господа,

Не само за нас, патот до целосното интегрирање во Европската Унија е сложен, а знае да биде и прилично долг. Во нашиов пример тоа уште еднаш се потврди. Последнава година, можеби и заради некои нереални очекувања, кај многумина тоа предизвика извесна загриженост и се сретнавме со прашањата: Зошто Македонија не најде место во Агендата 2000-та година? Дали е реално да се очекува Европската унија да ја прими Македонија во своите редови? Кога ќе се случи тоа? Што ќе биде со Македонија во тој период до влегувањето во тие асоцијации? Сметам дека сите овие прашања заслужуваат отворен и искрен одговор.

Накратко, ние реално ги согледуваме тешкотиите што се попречуваа на нашиот пат кон влегување во унијата и во НАТО, а и сеуште се попречуваат. Тие се од меѓународен, но и од внатрешен карактер. Една по една треба да ги совладуваме и мислам дека сме на добар пат да успееме во тоа. Многу време и сили ангажиравме околу постигнувањето на договорот за соработка и трговија со Европската унија, заедно со склучувањето на финансискиот протокол. Како што е познато тој ќе стапи во дејство по две недели. Со тоа остваривме една значајна етапа од овој процес. Република Македонија стана активен партнер со кого Унијата ќе соработува и на чие прифаќање во своето членство секогаш ќе мора да смета, независно од времето колку тоа ќе потрае.

Оваа соработка не е веќе само пуста желба, туку и реалност: воспоставени се редовни дипломатски односи со Европската унија, ги бележиме првичните позитивни резултати од договорите за извоз на текстилни производи, во сообраќајот. Потоа, користиме средства од програмата ФАРЕ, а во тек се и други конкретни активности.

Особено е важно што за наредната етапа - приклучувањето кон Европскиот договор, односно таканареченото асоцијативно членство (етапа која некои соседи со кои се споредуваме ја прескокнаа преку ноќ од политички причини, веројатно заради тоа да се привлечат сите тие земји кои се осамостоија после распаѓањето на Советскиот Сојуз на патот кон европското интегрирање) - имаме јасна презентирана Стратегија за патот кој треба да го изодиме за да се приклучиме кон овие исклучително важни асоцијации во светот. Врз таа стратегија очекуваме во наредната година да отпочнат преговорите на политички и на економски план. Владата веќе презеде и одредени организациони и други подготвителни работи (формирањето, на пример, на посебниот Комитет за евроатланска соработка) со што треба поефикасно да се пречекаат престојните активности. Сето тоа, заедно со доследното спроведување на реформите во стопанството и хармонизација на правната регулатива кај нас и слично, влеваат определен оптимизам дека остварувањето на оваа приоритетна задача што има навистина огромно политичко и економско значење, ќе можеме да очекуваме подобри резултати во наредниот период.

Слични задачи, а би рекол и слични очекувања имаме и во однос на нашето вклучување во колективниот систем на безбедност и одбрана, НАТО и Североатланската алианса. Нашата определба кон НАТО датира од порано. Вие си спомнувате, овој висок дом донесе Декларација за башата подготвеност да се зачлениме во НАТО уште во 1993 година. Меѓутоа, да не заборавиме дека овој процес трае само две или најногу три години. Започна со нашето приклучување кон иницијативата Партнерство за мир, а денес ние сме активен и респектиран соучесник не само во оваа Иницијатива, туку, по Мадридскиот Самит на НАТО, во Евор-атланскиот совет за партнерство, како и

во други заеднички активности на Алиансата. На тој план имаме бројни сопствени иницијативи што го изразуваат нашиот интерес што кореспондира со проширувањето на НАТО и кон регионот на Југоисточна Европа.

Во меѓувреме, и покрај тешките економски услови во земјата во овој период, успешно напредува процесот на приспособување на нашиот одбрамбен систем, особено изградбата и функционирањето на Армијата на Република Македонија во согласност со НАТО-вските стандарди, што е еден од главните предуслови за да бидеме поканети за членство во оваа организација. Имаме потпишано повеќе билатерални договори за воена соработка со поголем број земји - членки на НАТО. Денес се наоѓаме пред конкретен дијалог за иднината на целосна соработка и интегрирање во Евро-атланските организации.

Учествувајќи во бројни, заеднички активности во програмата Партнерство за мир, како и во билатералната воена соработка со бројни земји членки на НАТО, нашата армија се здоби со нови сознанија за стандардите што се применуваат во НАТО, ги применува секаде каде што може веќе сега за начинот на постигнување што повисок степен на интероперативност со членките на Алијансата, и за други прашања важни за нашата натамошна соработка и за развојот на системот на одбраната.

Реализацијата на овој процес се одвива постепено и по фази, согласно со ограничените материјални можности на нашата земја. Со завршувањето на Студијата за цивилно-воена контрола на воздушниот простор над нашата земја, а по нејзина верификација Република Македонија стана рамноправна членка на Централно-европската иницијатива за контрола на воздушниот простор, како и членка на Комитетот на НАТО за противвоздушна одбрана и за координација на европскиот воздушен простор.

Со нашата одбрамбена политика цениме дека упорно, со сите средства и потенцијали, вклучувајќи го, пред се, миролјубивиот дијалог, придонесуваме и го градиме мирот во регионот и пошироко, истовремено ја браниме слободата, суверенитетот и територијалниот интегритет на нашата држава.

Погледнато во целина, ние очекуваме спомнатите процеси да се одвиваат побрзо. Во врска со тоа би сакал да повторам и да нагласам дека Македонија, поради своето значење и придонес за мирот и стабилноста во овој регион, поради успешноста на демократските реформи во земјата, а би рекол и заради неопходноста од стимулирање на ваквите процеси во регионот, треба што поскоро да се интегрира во евроатланските економски, политички и одбрамбени структури. Македонија тоа објективно го заслужува, мислам дека тоа е во интерес на Европската Унија и на НАТО, а во најмала мерка заслужува еднаков третман при стартот како и другите земји од регионот кои аспирираат кон членство во Европската Унија и НАТО. Меѓутоа, ние треба консенквентно да го изминеме својот дел од патот. На тој пат треба да јакне економската и одбрамбена сила на нашата земја, нејзиниот меѓународен углед и место во непосредното опкружување. На тој начин определбата евроатланска интеграција на Македонија нема да бидат цел самите за себе, туку ќе бидат во функција на просперитетот, мирот и стабилноста на земјата и нејзината меѓународна позиција.

Со овој активен придонес во рамките на Организацијата на Обединетите нации, Република Македонија се етаблира како актив- на членка која има што да каже за глобалните проблеми на човештвото за реформата на Организацијата на Обединетите нации, учествува во

изнаоѓање решенија за проблемите што го загрозуваат мирот и безбедноста во регионот во Европа и во светот.

Токму пред една седница, Генералното собрание, по наш предлог, а со големо спонзорство од дваесет и девет земји, меѓу кои членките на Европската унија и Соединетите Американски Држави и сите наши соседи со консензус Обединетите нации ја освоија предложената нас Резолуција за развој за добрососедските односи меѓу балканските земји. Со неа, своите определби за соработка ги промовиравме на најширок меѓународен план, со цел да се стабилизира регионот во кој живееме и да се унапредува климата на доверба и разбирање меѓу нас. Одбележувајќи го ова, би сакал да го поздравам донесувањето на оваа Резолуција и да го нагласам нејзиното големо значење за Република Македонија.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Неодамна Советот за безбедност го продолжи мандатот на УНПРЕДЕП заклучно со 31 август 1998 година. Во изминативе пет години се потврди позитивната превентивна улога на овие сили за зачувување на мирот и стабилноста во нашата земја и нејзиното поблиско опкружување. Оценувајќи ја актуелната состојба во регионот, ние и натаму сметаме дека постојат сериозни причини што имаат силен дестабилизирачки потенцијал, што го загрозуваат мирот во регионот и се закануваат да ескалираат во судири. Во оваа прилика сакам да нагласам: ние ги повикавме силите на Обединетите нации во превентивна мисија кај нас и сега би биле најсреќни ние самите кога би можеле да оцениме дека тие ја завршија својата задача и функција и да побараме нивно повлекување. Тоа ќе го сториме веднаш штом ќе биде тоа возможно. За жал, ситуацијата во регионов, бројните неизвесности и предизвици, тоа сеуште не ни го дозволуваат.

Сега би сакал да се задржам и на неодамнешниот избор во организацијата на Обединетите нации во врска со нашата кандидатура за непостојан член на Советот за безбедност за 1998 /99 година. Резултатот е познат. Но сакам да констатирам дека активностите околу нашата кандидатура не беа попусти и дека бројот на добиените гласови во прилог на нашата кандидатура, како математички израз, не ја отсликува на адекватен начин вредноста на резултатите од оваа наша активност и позицијата на Македонија во светската организација. Без оглед на овој случај, ние сме високо респектиран член во Организацијата на Обединетите нации.

Да напомнам, дека реализираме се поплодна соработка со бројни организации во системот на Обединетите нации. Да нагласам, меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и неговите афилијации, како и останатите европски регионални организации и иницијативи од политички или економски карактер. Тоа е евидентно во однос на ОБСЕ, Советот на Европа, Централно европската иницијатива, ЕФТА, ЦЕФТА, Програмата СЕЦИ, Роајомон, Црноморската економска иницијатива и сл. Неодамна беше продолжен и мандатот на мисијата на ОБСЕ во нашата земја за наредните шест месеци.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Република Македонија успешно соработува со сите најзначајни европски и вон европски земји. Во текот на оваа година имавме можност тие односи да ги прошириме и договорно да ги утврдиме преку голем број меѓудржавни контакти на разни нивоа и некои на највисоко ниво. Договорно-правната основа врз која нашата земја соработува со странство, оваа година е збогатена со повеќе од сто нови меѓународни договори од различен вид и повеќе од шеесет од нив се веќе ратификувани од овој висок дом.

Суверенитетот, територијалниот интегритет и независниот развој на Република Македонија денес е признат и официјално гарантиран од меѓународните организации, како и од одделни земји-членки на Советот за безбедност на Обединетите нации. Мирот и стабилноста на Македонија се, пред се, наша , но и грижа на меѓународната заедница.

Би сакал овде да го повторам нашето задоволство од успешниот развој на односите со Соединетите Американски Држави, што посебно

Се потврди при разговорите што ги имав во Вашингтон во јуни годинава со претседателот на САД Господинот Бил Клинтон, и по негова покана. Односите со оваа земја се развиваат успешно и континуирано, на заедничко задоволство. Двете земји ги поврзуваат заеднички демократски вредности, и меѓусебната соработка добива во својот обем и квалитет. Очекуваме натамошно јакнење на македонско-американската соработка на билатерален и на меѓународен план, а особено унапредување на меѓусебната економска соработка.

Унапредени се, на разни подрачја, билатералните односи и соработката со европските земји. Сојузна Република Германија е на врвот на нашите економски партнери и земја со која имаме развиен политички дијалог за многу прашања од заемен интерес. Остваруваме редовни контакти со Франција на највисоко ниво. Високо ја цениме француската поддршка на меѓународен план. Соработката со оваа пријателска земја ќе се унапредува и со пристапувањето на Македонија кон франкофонијата. Годинава му бев домаќин на Претседателот на Република Италија Оскар Луиџи Скалфаро. Италија е земја со која имаме традиционално развиени пријателски односи на повеќе подрачја, како и заеднички интерес за нивниот натамошен успешен развој. Исто така, успешно се збогатуваат и нашите односи со Велика Британија, Холандија, Данска и Австрија, со Скандинавските земји, како и со другите европски држави. Нашите очекувања се соработката со сите овие земји, особено на економски план, да биде значајно збогатена со примената на Договорот склучен со Европската Унија.

Македонија остварува успешна соработка со земјите од Централна Европа, со кои изминуваме сличен пат на транзиција. Резултатите од

официјалната посета на Полска охрабруваат за нови идни чекори во таа соработка и нови иницијативи за збогатуваше на соработката со земјите од овој регион, како на билатерален план, така и во врска со заедничките аспирации кон Европската Унија и НАТО.

Од земјите од поширокото соседство, посебно значење им придаваме на мошне развиените пријателски односи и богата соработка со Турција. Исто така, односите со Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина се развиваат врз стабилни основи и со сите нив имаме склучени договори за слободна трговија. Реално очекуваме раст на меѓусебната стопанска и друга соработка.

Оваа година, за време на посетата на Народна Република Кина потпишавме значајни меѓудржавни документи кои, сигурен сум, ќе ги унапредат пријателските односи и корисната соработка со Македонија, со оваа значајна и голема азиска земја. Нашата соработка со земјите од воневропскиот простор ја прошируваме постојано, еволутивно и со постигнатите договори со Малезија-земја која се наоѓа во голем економски подем и која имав можност официјално да ја посетам во ноември годинава како и со земјите од Арапскиот полуостров. Заинтересирани сме и за проширување на досега успешната соработка со Јапонија која ни даде значителна економска и техничка помош, како и за воспоставување на нови врски со земјите од Азија, Африка и Латинска Америка каде нашето присуство и учество во размената не е на задоволително ниво.

Посебно би сакал да го истакнам и фактот за позитивното подвижување на македонско-руските односи и плодната соработка во изминатава година, како и отворените перспективи за нивниот уште посестран развој

во интерес и на Македонија и на Руската федерација. Унапреден е и политичкиот дијалог на највисоко ниво, кој треба да се формулира и во меѓудржавни документи при претстојната средба со претседателот на Руската Федерација президентот Борис Елцин во Москва во почетокот на идната година. Во овој правец придонесоа и корисните разговори што ги имавме со рускиот шеф на дипломатијата господинот Примаков и со потпретседателот на Владата господинот Уринсон, при што беа потпишани и неколку значајни договори од економски карактер.

Господине Претседател, дами и господа,

Дозволете ми во продолжение посебно да се задржам на односите со соседните земји.

Веќе во континуитет, односите со соседството, како по правило се наметнуваат во центарот на нашите надворешно-политички активности. Познати се историските , политичките и економските причини што и нас, а би рекол и соседите, не упатуваат кон постојана грижа за изградување и негување на добри односи. Затоа, кон овие прашања постојано се однесуваме со големо внимание. Отворени сме за соработка, врз основа на рамноправност и заемно почитување и доверба.

Меѓутоа, како што се покажа во досегашниот период, тоа не е лесна работа. Учествувајќи на Самитот на шефови на држави и влади на земјите од Југоисточна Европа, кој се одржа на Крит, укажав на неопходноста иднината на односите да се изградува врз нови европски основи, незаборавајќи дека и за тоа е потребно сите меѓусебно да се уважуваат, а на векот што изминува да му се остават балканските митови и големодржавни аспирации.

Постојат безброј причини и мотиви за успешна и многустрано корисна соработка меѓу земјите од нашето опкружување. Заинтере-

сирани сме тие максимално да се искористат. Затоа, пројавивме повеќе иницијативи и изразивме кооперативност за зголемена регионална соработка на планот на економското и инфраструктурното поврзување, за заедничко третирање на проблемите на развојот, како и за одбраната и безбедноста. Се наоѓаме во почетокот на еден процес кој треба да помогне секоја земја што има таква определба, побргу да го измине патот до својата европска и евроатланска интеграција. Во тој случај, и кога тоа ќе се исполни, Балканот конечно ќе стане не само географски дел на Европа, туку нејзин интегрален дел вклучен во сите политички, економски, безбедносни и други процеси.

Република Македонија, како што знаете, се спротивстави на т.н. регионален пристап при преговорите со Европската Унија, бидејќи регионализмот се наметнуваше како принцип , но и како условување за приближување и зачленување во Европската унија. Но Република Македонија не е никогаш била, ниту е сега против регионалната соработка во Југоисточна Европа, особено ако истата е во функција на економската соработка и во интерес на сите и ако таа води кон побрзо интегрирање во Европската Унија и НАТО.

Надминувањето на постојните проблеми и противречности во меѓусебните односи, за жал, морам и сега да констатирам, се одвива мошне бавно. Од своја страна, мораме критички да изразиме незадоволство од динамиката на тие процеси во текот на годинава што изминува. Македонија покажува особено нагласен интерес и прави се од своја страна, за што е можно поскоро да се дојде до излезните решенија.Во овој период, при разни пригоди оствaривме повеќе билатерални средби и разговори на разни нивоа, пројавивме бројни иницијативи и предлози,

настојувавме да отвориме дијалог и за најделикатните прашања меѓу соседните земји, укажувајќи на сите негативни реперкусии на одделни состојби. Затоа би сакал да ме сослушате што сакам да кажам по овие прашања.

Пред се , би сакал да повторам дека Република Македонија има општа и трајна ориентација за развој на максимално добри односи со сите соседни земји. Ние не предизвикуваме ниту сакаме да предизвикуваме проблеми со нашите соседи. Уште помалку сакаме со проблеми од таков вид да се занимава и пошироката меѓународна заедница. Но, реално, одделни проблеми постојат и се разбира, предизвикуваат соодветни реакции, вклучително и од наша страна.

Г-дин **КИРО ГЛИГОРОВ:** (продолжение)

Прашањето околу името на нашата земја веќе долго време негативно влијае врз меѓусебните односи со Грција. Можам да кажам ги предизвикува пошироко меѓународно внимание. Како што е познато покрај се, ние се определивме за трпеливи разговори околу разликата за името, врз принципиелна основа, со посредство на меѓународни посредници г-динот Сајрус Венс, од неодамна г-дин Метју Нимиц излезот од оваа состојба секогаш сме го гледале низ отворање и унапредување на македонско -грчката соработка, особено во потпишувањето на Времената спогодба од 1995 година. Со надеж дека ќе придонесеме за излез од оваа ситуација, во писмена форма предложивме: прво, во Обединетите Нации и на најширок меѓународен план нашата земја да се ословува со нејзиното уставно име – Република Македонија и второ, заради разликите што произлегуваат од ставот на Грција, врз основа на билатерални разговори меѓу Република Македонија и Република Грција, спремни сме, да се утврди обраќањето какво ќе биде обраќањето од страна на Грција и за нашата земја. Со овој предлог остануваме доследно во одбараната на нашето легитимно име. Истовремено, бидејќи не можеме да и наметнеме на Грција да употребува име кое не го сака, и ја дозволуваме можноста да се изнајде некое поинакво за двете земји прифатливо решение. Уште еден доказ на нашата спремност да бараме компромиси. Но, за жал, до сега грчката страна негативно се однесува спрема овој наш предлог, иако ние сме свесни и ова решение како ќе биде примено во Република Македонија, кога нашиот прв сосед, со кои имаме така бројни човечки, туристички, стопански, културни и други врски постојано ќе ни се обраќа со име кое не соодветствува на нашето уставно име кое го имаме со векови.

Со задоволство ги регистрираме сите позитивни ефекти од спроведувањето на Времената спогодба, проширувањето на стопанската соработка, пред се и финансиското ангажирање на Грција на нашата земја и сл. За кус период на време нашите односи со Грција, може да се каже доживеа подем. Иако денес бележиме дека од времето на склучената Времена спогодба до сега, размената меѓу нас и Грција достигна 500 милиони долари, можеме да претпоставиме, какви се загубите и на едната и на другата земја во изминатите години на ембарго и затворена граница. Прввичните меѓудржавни контакти, средбата со премиерот господинот Костас Симитис на Крит и другите меѓудржавни контакти, кои минаа, морам да подвлечам во конкретна и конструктивна атмосфера, даваат надеж дека меѓу двете земји се отвора процес на поинтензивна комуникација, меѓусебен дијалог и поголемо разбирање. Мојата надеж во тој правец е навистина голема.

Но истовремено продолжување и одржувањето на спорот околу разликата на името, делува ограничувачки врз некои видови на соработка, особено на меѓународен план и во врска со соработката на Македонија со Европската Унија. Оддолжувањето на стапување на сила на склучениот договор за економска соработка со Европската Унија не е без врска со овој факт. Од друга страна, тоа би можело да ги потхрани нереалните очекувања дека ќе подлегнеме на некаков притисок за наше национално и државно обезличување и дека ќе се откажеме од принципиелните и витални национални интереси на нашиот народ.

Би сакал со жалење да констатирам дека веќе неколку години односите со Бугарија се во стагнација. Како што е познато, тие се усложнети поради тоа што Бугарија одбива да ги потпише меѓудржавните договори и на македонски јазик, покрај бугарскиот. Веќе се подготвени дваесетина договори од разни области и нивното

непотпишување има негативен одраз врз меѓусебната соработка. Тоа не е во интерес ниту на Македонија, ниту на Бугарија. Меѓутоа, треба јасно да се каже дека ние со ништо не ги кочиме односите со Бугарија. Напротив заинтересирани сме за широка соработка со оваа земја која прва ја призна независноста на РМ, тоа е историски факт, иако во Бугарските весници постојано пишува дека ние сме неблагодарни и криеме дека прва Бугарија не признала како независна држава. Кој знае колкупати јас лично, и од оваа говорница, и во разни интервјуа во нашите електронски медии и весници сум го истакнал тој факт, бидејќи тоа историски факт и незаобиколен. Исто така, Бугарија ни помогна во тешките услови на економската блокада. И тоа не можеме да го заборавиме. Навистина моравме по заобиколен пат да ги упатуваме нашите стоки, а и луѓето да патуваат со големи тешкотии низ неколку држава за да дојдат до саканата дестинација меѓутоа, ако замислиме што би било без тој коридор на кој нашите цистерни со нафта и нафтени деривати имаат предимство и непречено минуваат, меѓутоа, ова што го истакнав и што е неспорно за нас, нашата соработка сепак треба да се базира врз меѓусебна доверба и обостран интерес, како соработка меѓу два рамноправни меѓународни субјекта. Ако први не признаа не треба да заборават дека сме независна држава и дека односите меѓу нас можат само така да се развиваат како меѓу две независни и пријателски земји. Во таа смисла не можеме да го прифатиме бугарското оспорување на нашето право јазикот што го говориме да го нарекуваме македонски јазик, односно да ја прифатиме бугарската теза, артикулирана како политички став, дека е тоа дијалект на бугарскиот јазик, а дека нашиот литературен јазик на кој се воспитуваме и на кој се воспитуваат следните генерации е фрустриран јазик во време на коминтерна, Сталин, Тито и сл. Нема никому да дозволиме да бидеме во положба на било кој

начин ова елементарно човечко право, јазикот што го говориме да го нарекуваме така како што е и како "што го чувствуваме, тоа да ни го оспорува. Тоа е право на Македонскиот народ, како што реков, елементарно човеково право, право на секој Македонец.

Атмосферата што е сега создадена во Бугарија по однос на Македонија, не користи никому. Тоа не значи дека баш секогаш сум, среќен кога ќе прочитам во некоја статија, или во нашите весници или во некој коментар на телевизијата за состојбите во Бугарија. Мислам дека со многу поголема грижа и деликатност треба да се однесуваме и да ги третираме нашите меѓусебни односи. Тоа не значи дека треба да се откажеме од она што значи наше национално право. Таквите однесувања во бугарскиот Печат нанесоа, а можат и понатаму да нанесуваат значителна штета на двете страни. Убеден сум дека ќе им штети на иницијаторите и носителите на ваквата бугарска политика. Македонија има интерес и потреба да соработува со Бугарија. Сосема е погрешна тезата дека ние правиме се што можеме таа соработка да се сопира, да се воздржува, да не се развива на сите полиња итн. Оттаму, произлегува и нашата готовност да ги потпишеме сите договори со Република Бугарија и на тој начин да ја отвориме големата порта на нашата соработка на сите полиња. Со тоа би се ставил крај на оваа и ваква етапа во меѓусебните односи . Огромни се потенцијалите за плодна соработка на разни подрачја. Имаме идентични и блиски определби на меѓународен план. Упатени сме на соработка за влегување во Евроатланските интеграции. Сите носиме одговорност за сегашната состојба, но и за иднината на македонско- бугарските односи. Затоа од оваа место, во тој дух би сакал да го повикам бугарското државно раководство, Парламентот на Бугарија и пошироката јавност, со

сета сериозност и реалистичен приод да пристапат кон надминување на оваа состојба.

Во односите со Сојузна Република Југославија изградивме бројни редовни канали за соработка во разни области, врз основа на меѓудржавната спогодба, за взаемно признавање и дипломатски односи. Северниот сосед веќе се наоѓа на врвот на листата на нашите економски партнери. И покрај тоа, неколку прашна ги оптоваруваат нашите меѓусебни односи и Македонија е заинтересирана и спремна да ги вложи сите нужни напори за надминување на овие состојби

Во врска со обележувањето на меѓудржавната граница ние од почетокот го застапуваме становиштето дека таа граница треба да биде прифатена онака како што реално постои и тоа не од пред година-две, пет или десет, туку од последните пет децении. Така како што беше обележена во официјалните карти, работени во Генерал штабот на Југословенската армија и неговиот Географски институт. Прифаќајќи го овој принцип како појдовен ние бевме свесни дека низ Историјата постоеле и поинакви разграничувања и решенија меѓу Македонија и Србија. Меѓутоа сметавме дека со официјализирањето на сегашната гранична линија на најдобар начин и во дух на добрососедство ќе се реши ова меѓусебно чувствително прашање. Заради овој спор и СР Југославија и ние еден дел од границата го немаме одбележано, што значи дека со самото тоа таа не е меѓудржавно и меѓународно призната граница. Во текот на работата на Меѓудржавната комисија за жал, се појавија и одделни барања од југословенска страна за корекција на постојната граница на наша штета. Се разбира дека ваквите барања ние не можевме да ги прифатиме. Македонија е живо заинтересирана и спремна а тоа го изразивме и на средбата со претседателот на Југославија

Слободан Милошевиќ на Крит, преговорите што е можно побрзо да се доведат до финале, со тоа што ќе се почитува постојната граница, со можност и добра волја покажана од наша страна во сите оние случаи кои претставуваат интерес на одделни граѓани на едната или другата страна да се решаваат на правичен начин. Конкретно кажано, ако границата сегаш- на минува низ имотот на некое семејство една нива е на едната страна, другата нива е на другата страна, такви мали коректури треба да направиме граѓаните да живеат по спокојно и по безбедно и да знаат на која држава припаѓаат.

Друго прашање од ваков вит се постојните разлики меѓу двете земји во врска со сукцесијата на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Како пошироката меѓународна заедница, почнувајќи од Бадинтеровата комисија, преку Обединетите Нации и Европската Унија, Република Македонија стои цврсто на становиштето дека по распадот на поранешна Југославија сите ново-создадени држави имаат еднакви права на наследство. Во таа смисла се упатени нашите активности во соработка со Србија, Хрватска Босна и Херцеговина, отпочнатите преговори да се доведат до крај врз основите на меѓународното право.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Дозволете ми пред овој висок дом да го изразам и нашето незадоволство од постоечкиот негативен став на Српската Православна Црква во однос на Автокефалноста на Македонската Православна Црква. Тоа сакале или не, иако уставите на двете држави поаѓаат од принципот на подвоеноста на црквата и државата, но посредно или непосредно тој однос спрема автокефалноста на нашата Православна Црква има политички и други консеквенции. Затоа сметаме дека преиспитувањето на спомнатиот став на врвот на Српската Православна Црква ќе има големо значење за јакнењето и довербата меѓу двата народа и двете држави и дека ќе овозможи поуспешна соработка, особено во областа на културата, грижата за културно-историските паметници и сл.

Во текот на оваа година изминавме еден период на мошне сложени односи со соседна Албанија. Тие , пред се, беа предизвикани од процесите на дестабилизација на оваа соседна земја кои имаа негативни реперкусии и по однос на Република Македонија, како во состојбата на граничната линија, така и во опаѓањето на нивото на меѓусебната размена. Македонија настојуваше во рамките на своите можности да и помогне на Албанија за да ги надмине овие тешкотии. Затоа ги поздравуваме и се радуваме на сите оние процеси за нормализација на состојбите и ги поддржуваме напорите на новата Влада за стабилизација на државните структури и економијата на земјата.

Во таа смисла нас не охрабрува и ориентацијата на државното раководство на Албанија за покооперативен пристап кон соработката со Македонија. Исто така, го поздравуваме и досега декларираниот став официјална Албанија да го поддржува курсот на остварување на правата на Албанците што живеат надвор од Албанија, но во рамките на институциите на дотичните земји. Македонија гледа големи можности

за надминување на постојните проблеми во соработката со Албанија, пред се, поради тоа што и двете земји имаат слична меѓународна ориентација - вклучување во Европската Унија и НАТО и соработка со соседите. Ги поздравуваме духот и атмосферата изразена при неодамнешните средби на шефовите на дипломатиите на двете земји и отворениот процес на регулираше по пат на договори, на вкупните односи меѓу двете земји.

На крајот на овој мој осврт би сакал да кажам две работи. Прво, практиката ја оправдува нашата определба за политика на еквидистанца кон сите соседи, што суштински значи неприклонување на Република Македонија кон ниеден од нив и подеднакво активен интерес за развој на односите и надминување на проблемите со секој одделен сосед. Второ, сметам дека не постои проблем кој не би можел да се реши со двострани напори и добра волја, со придржување кон меѓународните правила или со примена на меѓународното право.

Би сакал да ја повторам нашата принципиелна позиција дека проблемите на припадниците на македонското национално малцинство во соседните земји ги гледаме , пред се како проблеми на земјите во кои тие живеат. Ние сме заинтересирани за нивниот статус, но решавањето на проблемите во врска со тоа го гледаме во доследната имплементација на меѓународните стандарди, и на спремноста на земјите потписнички на одделни меѓународни конвенции да се грижат за унапредувањето на правата на малцинствата. Но, истовремено укажуваме и на елементот на готовноста на самите малцинства да се борат за своите права, зависно од условите на земјата и врз основа на меѓународни стандарди. Република Македонија тие барања ги под- држува и натаму ќе ги поддржува на меѓународните конференции. Ќе се залагаме нашите сонародници, присилно расеани низ светот, да можат да ги посетуваат родните огништа и да ги остваруваат своите права врз основа на сопственоста.

Како и во претходните години и во оваа што изминува посветуваме соодветно внимание и на јакнењето и негувањето на врските се нашето иселеништво во странство што е наша впрочем уставна обврска. Активностите на тој план беа повеќенасочни - од обиди да воспоставиме дипломатско-конзуларни односи со земјите во кои има поголема концентрација на наши иселеници, преку контакти и посети, настојувајќи да помогнеме да се решат некои проблеми во организирањето и делувањето на иселениците во странство, како и надминување на постојните поделби меѓу нив. Во оваа насока, активностите ќе продолжат со несмалено темпо.

Ако во нашата надворешна активност кон странство во првите години по осамостојувањето, од разбирливи причини, доминираше политичката димензија, сега кога меѓународно-политичката и безбедносна положба на нашата земја е стабилизирана, нема никакви причини ниту оправдувања да не се ориентираме повеќе и на нашите економски односи со странство. Да го најдеме потребниот баланс во активностите. На тоа ќе треба да обрнеме значително внимание во иднина.

Почитувани пратеници,

Во моето истапување пред вас во март, зборувајќи за опасностите од радикалниот национализам, реков дека ако секој постои на своите позиции нема да има договор, дека тогаш илузија е да се очекува Претседателот на државата да ги собере сите партии да седнат на една маса и да се договорат за неколку работи кои сите мораат да ги почитуваат. И тогаш реков: кој верува дека тоа е можно во едно плуралистичко општество, притоа и етнички измешано, нека се обиде тоа да го направи. Истакнав дека тоа бара време, бара луѓе, бара постепено убедување на секој човек дека тука му е местото на живеење, тоа му е државата, тоа му е семејството. Не верував тогаш, можеби ниту јас, дека ќе бидеме тие луѓе,дека ова е тоа време и дека тука е она нашето заедничко утре.

Како Претседател на државата, но и сосема лично, сакам да го поделам со вас моето големо задоволство што ние можевме тоа да го направиме. Седнавме заедно, со сите наши разлики, кои , разбирливи, остануваат и понатаму, да го најдеме она околу кое имаме согласност. Се надевам дека градиме нов однос меѓу нас, но и кон државата, почитувајќи си ги меѓусебните разлики, но не на штета на Република Македонија.

Јас досега немав можност во јавноста да ја изнесам идеата за овие наши меѓупартиски разговори, како и за одделните консултации што ги водев со некои политички лидери. Знаете дека повеќепати, од разни страни, но и од разни побуди, беше изнесувана идеа за разговор за прашања што се од национален, или општ интерес, битни за опстанокот на државата и за нејзината глобална ориентација. Зошто тоа не беше направено досега?

Требаше време да се создаде клима во која ќе може да се води толерантен дијалог во кој ќе можеме да се ислушаме до крај, да ги видиме забелешките, ако ги има, па да поразговараме за солуциите и на крај да констатираме каде имаме консензус, каде се разликуваме и што бара дополнително разгледување. Ние воспоставивме еден метод на разговор кој беше прифатен од сите. Првата средба беше во таква широк состав, бидејќи сметав дека и темата - надворешната позиција на државата, односите со НАТО и ЕУ и нашето асоцирање кон нив - бара таков разговор кој би резултирал, како што и се случи, со широк консензус кој ќе покаже дека нема разлики меѓу партиите за она што за нас е од општ државен интерес, а тоа е таа ориентација кон овие асоцијации. Но, за ова говорев во почетокот на моето излагање.

Разговорите, пак, што ги водев одделно со некои од партиите, оние за кои досега мојот распоред на работата дозволуваше , се однесува, пред се на внатрешните состојби и проблемите со кои се соочуваме Она што досега го слушнав ме уверува дека сеуште не е дојдено време во кое ќе можеме да кажеме дека по тие прашања можеме да имаме и приближен консензус, иако можам да кажам дека скоро сите со кои досега разговарав, се уверени дека ни е потребна согласност токму околу внатрешните односи во државата. И овој Парламент по повод расправата по Информацијата за актуелната состојба предизвикана со протестите во врска со примената на Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје и за начините и формите за унапредување на меѓуетничките односи во Декларацијата што ја усвои овој Парламент, меѓу другото се заложи за активен придонес на политичките партии за отпочнување дијалог за сите актуелни прашања со цел градење и развивање хармонични меѓуетнички односи и укажа на опасностите од поттикнување на меѓуетничката нетрпеливост и омраза и нивната злоупотреба во политички цели. Мојата општа ориентација е таква, што сметам дека работите треба да се решаваат како што созреваат. Тоа не значи дека не треба се да се стори и поскоро да созреат. Освен, се разбира, во некои вонредни историски мигови. Јас повеќе би сакал да говорам за компромис, отколку за консензус, бидејќи демократијата е токму тоа - постигнување на договор со спремност и на компромиси.

Таков компромис околу односите внатре во државата постигнавме при изработката на Уставот на РМ, и слободен сум да кажам: неговото донесување го сметам како тој консензус за кој говорат некои од политичките лидери без оглед што гласањето во Парламентот тоа не го одрази. До овој Устав е дојдено со компромиси при неговото усогласување и при изгласувањето во овој дом.

Од тука, не можам да ги прифатам тезите што во последно време се презентираат дека Уставот е октроиран и наметнат од една партија или од политичка група, или од група интелектуалци. Се пројавува и тезата за отфрлање на овој Устав и пишување нов. Не велам дека демократијата не ја подразбира и таа можност. Токму јас покренав писмена иницијатива пред ова Собрание за изработка на нашиот нов Устав. Во неа ги посочив основните појдовни принципи како сугестија до Уставната Комисија врз кои основи Уставот треба да се постави. Ќе повторам и сега по шест години: она што на Македонија и приличи е граѓански Устав. Во тоа сум сега уште повеќе уверен,отколку во времето кога тој Устав беше донесен и изградба на граѓанско општество во кое правото на суверенитетот треба да го почитуваме во лицето на секој граѓанин. Како претседател на сите граѓани на РМ и од оваа говорница сакам да истакнам дека тоа, тој граѓански концепт врз кој ја градиме нашата држава, е онаа црвена линија која ако се премине, длабоко сум убеден се доведува во прашање опстојувањето на државата, нејзиното уредување и нејзината демократска суштина и со тоа и правата на секој граѓанин како поединец.

Што би значело барањето за нов устав? Тоа би значело изместување на основната идеа за поединецот како основен носител на суверенитетот и создавање Устав кој ќе ги штити колективните права, Устав според кој носител на суверенитетот ќе бидат колективитети, а не поединци. Не верувам во интеграција до која би довел Устав кој би ги штител колективните права и кој би бил резултат на она што се заговара како историски договор. Таков договор би значел уредување на државата како федерација и нејзина изградба како двонационална држава. Во случајот на РМ таквиот концепт би значел конфронтирање на индивидуалните и колективните права, што како краен резултат би можел да има конфликт на колективитети заради превласт на едниот над другиот.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

По разговорите што ги имав со политичките партии можам да констатирам, кога станува збор за меѓунационалните односи, главно етничките позиции остануваат исти, што значи дека ние со овој проблем уште долго ќе се соочуваме. Тоа е нашата реалност. Разлики се забележуваат во начинот на кој се пристапува кон реализирањето на тие барања. Но, она што сакам да го истакнам е дека полека преовладува реализам во политиката и сфаќање дека се освен Република Македонија, ваква каква што е, во овие граници на Балканот, би било авантура. Така и овие разговори што ги водиме станаа можни тогаш кога тоа сфаќање превлада и резултира со Изјавата во која го набележавме она каде што го препознаваме нашиот заеднички интерес, без оглед на етничката припадност или политичка определба.

Сакам да се осврнам уште на едно барање што ми беше презентирано и за што јавноста беше информирана, а тоа е иницијативата за предвремени парламентарни избори. Таа е утре, ми се чини, на дневен ред пред вас и вам ви останува да донесете суверена одлука по неа. Но, мој став е дека, да се оди на предвремени и вонредни избори е крупна политичка одлука, а консеквенциите од тоа мора да се имаат предвид при одлучувањето. Престојните избори во Република Македонија ќе имаат големо, некои сметаат, пресудно значење за понатамошниот живот на земјата. Затоа сметам дека за нивно нормално изведување се неопходни сите претпоставки. Пред се, усвојување на Законот за избор на пратеници, потоа ажурирање на изборните списоци, изготвување на изборните легитимации. Овие парламентарни избори не треба да создадат ситуација што би значело повторно парламентарна апстиненција на некои партии, како што беше случајот во 1994 година.

Бидејќи наредната година е изборна година во која политичката кампања, нормално, ќе се разгорува, апелирам за фер и демократска атмосфера. Мислам дека тоа од сите нас го очекуваат граѓаните. Треба да се бориме за своите програмски гледања до крај. Но, и да практикуваме она што се смета за нормална демократска политичка култура, да не се навредуваат личностите, семејствата и употребуваат разни инсинуации кои само можат да не понижат и како земја и како политички личности. Посебно треба да се обрне внимание кога станува збор за прашања што се од доменот на меѓуетничките односи. Во таа насока,а како мој придонес кон таквиот амбиент, ќе продолжам со консултациите со политичките партии.

Како општество, како држава определена за демократија, за почитување на слободата на изразување на мислењето, нужно мора да градиме механизми што ќе создаваат здрава општествена клима на поддржување меѓусебна толеранција и уважување. Тоа е посебно битно во јавната комуникација. Дозата на критика на работата на власта, вклучувајќи ја, се разбира и мојата, е важна и претставува демократски прифатлива норма. Слободното изразување на мислењата и уверувањата треба да се стимулираат, но на начин на кој рационалните аспекти и аргументи ќе ги надвладеат емотивните реакции. Истовремено треба да се оневозможи злоупотребата на моќта, а тоа ќе биде здрав темел да се развива и негува чувство кај граѓанинот дека неговиот суверенитет и интегритет и идентитет е нешто што не може да биде загрозено од било која институција, авторитет и вакви или онакви интереси. Но, за сето тоа е потребно големо трпение, упорност и време.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Иако не спаѓа во доменот на моите директни уставни ингеренции, би сакал да се осврнам на некои карактеристични економски и социјални состојби и движења во Републиката, пред се од аспект на одговорноста за нивното остварување во процесот на транзицијата.

Карактеристично за макро - економската политика во нашата земја во годинава што изминува е нејзиното постепено преминување од исклучиво стабилизациона кон економска политика со развојни перформанси. Можеме да кажеме дека е создаден стабилен и дефиниран макро - економски амбиент, не за секогаш даден, се разбира. За него постојано треба да се бориме. продолжуваме со политика за одржување на стабилен курс на денарот. Обезбеден е скромен но континуиран раст на индустриското производство. Но, мора да признаеме, со стапка на пораст која незадоволува. Тече реализацијата на процесот на сопственичко и организационо преструктуирање. Приватизацијата на индустријата, банкарството, градежништвото, транспортот и услугите е во напредната, а некаде и во завршна фаза, а престои приватизација на земјоделските комбинати, Има постигнати резултати, но и тие се остварени со низа објективни пречки, проблеми и ограничувања, што се вообичаени за сите источно и југоисточно европски земји. Кај нас се дополнително обременети со состојбите во регионот и односите со соседите.

Во такви услови економската политика беше фокусирана на зголемување на инвестиционата активност, што подразбира раздвижување на стопанскиот развој и привлекување на странски директни инвестиции во државата. За жал, досегашното учество на директните

странски инвестиции е на многу пониско ниво во споредба со земјите од Централна и Источна Европа.

Со цел за надминување и елиминирање на неповолните економски состојби во изминатиот период интензивно се работеше на заокружување на стопанскиот систем и воспоставување на институции со кои се создава нов, поповолен амбиент за работа на економските субјекти во услови на потполни пазарни иницијативи претприемаштво, како и во зголемување на интересот, сигурноста и заштитата на инвестициите во Република Македонија. Во оваа насока напредени се реформи во даночниот систем кој во голема мера е приближен до даночните системи на развиените европски земји. Неопходни се и позасилени активности за промоција на нашето стопанство, а особено на нашите извозни и инвестициони можности и потреби во јавниот и приватниот сектор и промоција на туристичките потенцијали. Само на тој начин се нов афирмативен и атрактивен имиџ на земјата пред странските инвеститори.

Треба да се подвлече дека е регулиран долгот кон сите доверители. Остварен е прилив на капитал во среднорочни и долгорочни заеми, а редовно се измируваат и обврските по основ на користени кредити. Подигнат е кредибилитетот на нашата земја на меѓународниот финансиски пазар, што придонесува одделни светски познати финансиски институции да не рангираат во помалку ризични групи за инвестирање на странски капитал.

Во исто време, стапката на инфлација се одржа на ниско и стабилно ниво. Карактеристично е што по извршената девалвација на девизниот курс во однос на германската марка не дојде до

позначаен"инфлакторен удар" и не беше нарушена воспоставената ценовна стабилност. Со пакетот мерки што следеа потоа, се создадоа позитивни ефекти, се подобри состојбата со приливот на средства, особено за социјалните фондови, се подобри состојбата на девизните резерви и поддршката на производството.

Меѓутоа, во секторот за надворешно трговската размена и вработеноста, резултатите се понеповолни од предвидувањата Незадоволителниот извоз и високиот увоз условија натамошен пораст на трговскиот дефицит. Овие неповолни движења во стоковната размена, пред се се условени од бавното приспособување на нашето производство кон барањата на странските пазари, недоволните извозни фондови, ниските извозни квоти во ЕУ и САД и другите развиени земји, како и повеќегодишното кумулирање на повеќе економски фактори. Со склучувањето на Спогодбата за соработка со Европската Унија се создаваат можности за подигање на нивото на меѓусебните односи, како и за зголемена финансиска поддршка од Унијата. Истовремено склучените спогодби за слободна трговија со одделни земји, создаваат простор и можност производите на нашите стопански субјекти да бидат присутни и конкурентни на многу пошироки пазари отколку досега.

Посебно загрижува проблемот со вработувањето особено на млади стручни кадри и работници кои останаа како, така наречен технолошки вишок поради колапсот на голем број стопански претпри-јатија во земјата. Во оваа област постигнати се одредени резултати преку рестартирање на дел од претпријатијата, преку повторно вработување, преквалификација и отворање на нови работни места г:и се, сепак , далеку од тоа да можеме да кажеме дека постепено се

надминуваат неповолните движења во оваа сфера. Поаѓајќи од фактот дека невработеноста е еден од најтешките проблеми во земјата, би сакал да се подвлече дека одлуката на Владата како еден од чекорите насочени кон ублажување на проблемот треба да има позитивен ефект. Со ослободувањето од плаќање на социјални придонеси, персонален данок на доход за новите вработени, значително ќе поевтини цената на работната сила и ќе се зголеми бројот на вработените во стопанството. Во исто време тоа ќе значи поттик за зголемување на домашните и странските инвестиции во стопанството на земјата. Но, со интервенција само во еден сегмент, проблемот не се решава. Кумулирани се низа проблеми што влијаат врз прашањето на невработеноста, кои треба да се решаваат врз основа на подолгорочна стратегија и дополнителни мерки.

Во услови на продолжување на процесот на приватизација и преструктуирање на претпријатијата, како дел од транзиционите процеси во земјата и во услови на општи неповолни состојби во стопанството, дојде до натамошно влошување на материјалната и социјалната сигурност на вкупното население.

Надминувањето на овие неповолни состојби треба да биде едно од основните прашања на кои во идната година Владата би требало да посвети посебно внимание. Една од мерките во оваа насока е предвиденото зајакнување на развојната функција во структурата на Буџетот за наредната година и отворањето простори за развојни програми во областа на земјоделието, развојот на мали и средни претпријатија, приливот на странски инвестиции, развојни програми во здравството, образованието и друго. На тој начин ќе се создаде простор за отворање на нови работни места и

обезбедување на социјалната сигурност на населението, иако и во ова најчувствително прашање, како го нареков, не треба да гаиме преголеми очекувања. Да направиме некои чекори напред, тоа е веќе успех, како почеток во решавањето на тој проблем.

Овие проблеми навистина сериозно не притискаат, но да не дозволиме да се девалвира што е досега постигнато. Систематски треба да се елиминираат пречките кои стојат на патот на постепеното заздравување и динамизирање на нашето стопанство. Само здравото стопанство ќе обезбеди стабилизација на економските текови и пораст на производството на трајни основи, а тоа е наша цел .

Имав можност во март годинава поопширно да го искажам своето мислење во врска со појавите на корупција, криминал и други негативности во нашето општество. Во ова излагање би сакал само да повторам дека во оваа земја мора да постои одговорност и консеквентно да функционира правната држава, да јакнат контролните функции на државата. Само на тој начин граѓанинот ќе добие чувство дека живее во држава што му ја обезбедува личната и имотна сигурност.

Почитувани пратеници,

На крајот би сакал да кажам неколку збора и за културата. И тоа е надвор, но мислам дека состојбите во културата се наметнаа пред целото општество како нешто од што ние неможеме да ги одминуваме нашите погледи. Ова прашање го оставив на крај, иако по својата важност би можело да дојде многу напред. Зошто, не треба да го нагласувам значењето за културата како израз на идентитетот на еден народ и негова надеж за опстанок и виза за приклучување кон светското семејство на народите.

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (продолжение)

Што ќе приложиме на олтарот на сеевропската култура ако нашите историски споменици од нашите цивилизации постепено исчезнуваат.

Што ќе понудиме како траен белег од нашето минато и од сегашните творештва за иднината на нашиот народ. Ми се чини дека е неопходно и покрај позитивните мерки што се предвидени во Буџетот за идната година, би сакал во тоа да гледам знак за согледување на тежината на проблемот. Но, неопходно е многу побрзо и поефикасно да ги менуваме материјално-финансиските и системските услови за развојот на културата, за таа да го добие местото што нужно и припаѓа и што го заслужува.

Надвор од земјата ние сите од позиција или опозиција постојано истакнуваме длабоките корени , нашата култура и нашиот придонес кон европската култура.

Но, повеќегодишната рестриктивна политика во сферата на културата доведе до одредени загуби на културните вредности, некои, за жал, трајни.

повеќе пати досега по разни поводи, чувствувајќи ја важноста на оваа дејност, укажував на неопходноста културата да го добие своето место како најдостоинствен израз на творечкиот идентитет на нашиот народ. Затоа и сега апелирам до Владата и покрај сторените зголемувања на расположливите средства наменети за културата за уште поголема сума на средства од сега предвидената штом ни се пружат првите можности за тоа. Или, за сметка на некои други не така битни белези на нашиот идентитет.

Само така можеме да го сочуваме богатото културно наследство и да оставиме нови културни вредности за идните генерации.

Почитуван претседателе,

Почитувани пратеници, екселенции,

Сметав за потребно пред Вас да ги изнесам овие информации и оценки убеден дека Собранието редовно ќе биде информирано за тоа како и врз кои прашања сум бил ангажиран во извршувањето на моите уставни овластувања. Притоа сум свесен дека не успеав да ги опфатам сите прашања што се од интерес на јавноста, и сите ние, и јас ,

верувам и Владата, и Вие како избрани пратеници сме исправени пред сериозни задачи што не очекуваат во нерeдниот период, во интерес на развојот на нашата земја, јакнењето на нејзината внатрешна ста-билност и нејзината меѓународна позиција и безбедност.

Ви благодарам за трпението.

(Аплауз)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Му благодарам на Претседателот за обраќањето до Вас почитувани пратеници, Вам екселенции, Ви благодарам за присуството.

Ја заклучувам Осумдесет и третата седница на Собранието.

(Седницата заврши со работа во 13,55 часот).